УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА (26.09.08)

1. Секој студент на ИЕА е обрзан да го пополни листот за евиденција на начин и во рок предвиден во ова Упатство;
2. Најпрво направете download на НОВИОТ Excel документ на Вашиот компјутер од официјалната страница на ИЕА www.iea.pmf.ukim.edu.mk под наслов "Лист за евиденција на запишани предмети на студентите на ИЕА";
3. Пополнете го листот:
- Во полињата под 'начини на студирање' ставете X на вашиот начин на студирање (државна квота, кофинансирање или вонредно студирање)
- Кај 'семестар' ставете X на семестарот кој го запишувате (во овој случај летен)
- Во полето e-mail и телефон обврзно внесете ги вашите податоци, заради полесна комуникација. Се молат оние студенти кои се уште немаат сопствена e-mail адреса да отворат бидејќи во спротивно можат да пропуштат важно електронско известување, информација или измена од Координаторот или од ИЕА.
- Во полињата каде се означени предметите, за секој предмет пооделно ставете X доколку тој е ислушан, оценка доколку тој е положен, број на освоените кредити; X доколку предметот го запишувате, по кој пат го запишувате тој предмет, колку кредити запишувате со тој предмет и која е цената на уплата за тој број на кредити (за НОВИТЕ цени на кредитите за прво и второ запишување видете на огласната табла).
На крајот од таблицата на местото "Јас (име и презиме)..", внесете го своето име и презиме.
4. Документот снимете го во посебен фајл со име кое ќе ги содржи вашето име и презиме и броевите од вашиот индекс (на пример ГоранПетровски1234) и чувајте го за полесно пополнување следниот семестар.
5. Со **пополнетиот и испечатен лист**, со **индексот и со копии од уплатниците** дојдете кај Координаторот за потпис и тоа на 1, 2 и 3.10 од 10-12 часот. При уплаќање за презапишување предмети ве молам точно наведете кои предмети ги презапишувате.

асс. д-р Илина Јакимовска
Координатор за ЕКТС за ИЕА